ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 226/2020
06.11.2020 година
КРИВА ПАЛАНКА

ОСНОВНИОТ СУД КРИВА ПАЛАНКА како договорен орган, и тоа Претседателот на судот Љубица Цветковска Стојановска, врз основа на чл. 77 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/2019), на ден 06.11.2020 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

I

ОСНОВНИОТ СУД КРИВА ПАЛАНКА има потреба од спроведување на постапка за јавна набавка, за изведување на работи на замена на постојните прозорци и купување и поставување на нови прозорци во судниците I и IV и канцеларија бр. 9 на први и втори кат во судската зграда.

II

За реализација на набавката, согласно Планот за јавни набавки на судот за 2020 година СУ бр. 45/2020 од 29.01.2020 година, се планирани и одобрени средства со решение на Судскиот Буџетски Совет бр. 01-179/26 од 24.01.2020 година и Решение за измена на решение бр. 01-632/7 од 01.06.2020 година, за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на судската власт за 2020 година - реконструкција на деловни згради, во максимален износ од 203.390,оо (двесте и три илјади триста и деведесет) денари без ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 36.610,оо (триесет и шест илјади шестотини и десет) денари, вкупен паричен износ од 240.000,оо (двесте и четириесет илјади) денари, кои средства се планирани да бидат обезбедени во целост од сметка 290100082563110 - за приходи финансирани од органи.

III

Постапката за доделување на договорот за јавната набавка да се спроведе како постапка за јавна набавка од мала вредност (набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра во денарска противвредност), со објавување на оглас на ВЕБ-страницата на Бирото за јавни набавки (Електронскиот систем за јавни набавки).

Постапката за јавна набавка да се спроведе како неделива постапка.

Крајниот рок за поднесување на понудите да не биде покус од 7 (седум) дена, од денот на објавувањето на огласот на ВЕБ-страницата на Бирото за јавни набавки.

Критериум за избор на најповолна понуда да биде најниската цена.

Постапката да се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки ЕСЈН, во електронска форма и да заврши со електронска аукција.

IV

Заради спроведување на оваа одлука и постапка за јавна набавка, се формира Комисија за јавна набавка, во состав:

1) Раководител на оддел Млаѓан Митовски, Претседател на комисијата,
- Судски соработник Даниела Младеновска - Митовска, заменик претседател на комисијата,

2) Судски соработник Љубинка Стојановска, член на комисијата,
- Советник информатичар Даниела Дојчиновска, заменик член на комисијата,

3) Помлад соработник - информатичар Дарко Милошевски, член на комисијата;
- Судски соработник Емилија Давитковска, заменик член на комисијата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Комисијата за јавна набавка да ја спроведе постапката по оваа одлука, согласно со член 48 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/2019).

Претседател на судот,
Љубица Цветковска Стојановска

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
Република Северна Македонија
II
Крива Паланка

ДНА: -Архива;
-Членовите на комисијата, и
нивните заменици.

Примил на 06.11.2020 год.
1.
2.
3.